# Упатство за регистрација и најава на правно лице

Агенција за електронски комуникации
Скопје, 06.02.2014 година

## Регистрација на правно лице - ОПЕРАТОР

Фазите на регистрација на корисничката сметка за правното лице се следните:

1. Регистрацијата започнува кога на почетната страна на порталот ќе се кликне на линкот “Правно лица” којшто води до форма за регистрирање.




2. При поднесување на барање за корисничка сметка за правно лице (ОПЕРАТОР) се пополнува прикажаната форма по што барањето се поднесува со клик на копчето “Поднесете” (информациите прикажани на сликата се само илустративни)




3. Правното лице - оператор добива порака на **адресата за е-пошта** (онаа што ја напишал во барањето). Во таа порака со кликнување на обележаната врска прави потврда на барањето.



e-agencija@aec.mk <e-agencija@aec.mk> Jul 22
to me

**Барање за пристап до системот за регистрација на корисници на АЕК**

Почитувани,

Ве известуваме дека до Агенцијата за електронски комуникации на Р. Македонија е доставено барање за регистрација во електронскиот систем за работа со странки, со следниве податоци:

Агенција за електронски комуникации

Корисничко име: **Korisnik**

email адреса: korisnik@email.com

Ве молиме да го потврдите барањето со кликнување на следнава интернет адреса:

http://e-agencija.aek.mk/aek-registration/ConfirmationRequest?UID=8a8a8aa83ff2b025014005c0f128003d

Доколку валидноста на барањето не биде потврдена во рок од 48 часа по приемот на оваа интернет порака, барањето ќе се смета за невалидно и ќе биде отфрлено.

Агенција за Електронски Комуникации
ул. „Димитрие Чуповски" бр. 13, Скопје
Т: + 389 2 3289 200
Ф: + 389 2 3224 611
е: contact@aek.mk

**4.** Одговорно лице во АЕК дава потребни привилегии за бараната корисничка сметка.

**5.** Правното лице – оператор добива повратна информација на поднесената адреса за е-пошта дека барањето е одобрено по што корисничката сметка е отворена за даденото правно лице – оператор.



Барање за регистрација во системот на АЕК

e-agencija@aec.mk <e-agencija@aec.mk> Jul 22
to me

**Регистрација во системот за најава на АЕК**

Успешно сте регистрирани за најава во системот на АЕК

Во системот можете да се најавите со следниве параметри:

Вашето корисничко име е: **Korisnik**

Вашата лозинка е: **12345678**

Агенција за Електронски Комуникации
ул. „Димитрие Чуповски" бр. 13, Скопје
Т: + 389 2 3289 200
Ф: + 389 2 3224 611
е: contact@aek.mk

Со оваа процедура правното лице - оператор ја добива т.н. **главна сметка** (*master account*) со која може да се регистрираат нови вработени одговорни за дадени услуги во комуникацијата и размената на податоци со АЕК.
Оваа главна сметка има значење на **правно лице и администратор** на останатите кориснички сметки кои правното лице самостојно дополнително би ги креирало.

## Регистрација на вработен(и) од страна на ОПЕРАТОРОТ

Регистрацијата на вработен(и) од страна на Операторот, најчесто има смисла кај Операторите кои сакаат да ги делегираат одговорностите на своите вработени од аспект на одговорни лица и законски застапници. За секој вработен се креира засебна корисничка сметка.

Регистрацијата на вработени од страна на правното лице се одвива во следните фази:

1. Правното лице во делот на поставувања на своите кориснички сметки, отвора нови дополнителни кориснички сметки како засебно барање према системот

   Чекор 1.1:




Чекор 1.2: Со клик на копчето "Додади во табела" се креира засебно барање за корисничка сметка која се запишува во табелата под формата за регистрирање




Чекор 1.3: Клик на копчето "Зачувај" ги создава сите кориснички сметки кои се наоѓаат во табелата (во илустрацијата е внесена само една корисничка сметка)




2. Барањето за дополнителна корисничка сметка автоматски се одобрува во системот, без интервенција на одговорно лице во АЕК и претставува дел од административната процедура која што се прави од страна на операторот.

3. Вработениот на својата адреса за е-пошта добива известување за пристапно корисничко име и лозинка во системот.

Правното лице - ОПЕРАТОР на својот вработен му ги доделува потребните привилегии за работа со системот.




## Најава на корисник

За пристап до порталот на агенцијата за електронски комуникации, корисникот ги внесува своето корисничко име и лозинка, коишто ги добил преку процесот на регистрација, на почетната страна на порталот: [http://e-agencija.aek.mk/](http://e-agencija.aek.mk/)



Доколку внесените кориснички информации се валидни на корисникот му е одобрен влез на порталот.

## Заборавена лозинка

Доколку корисникот ја заборавил лозинката кликнува на врската „Ја заборавивте лозинката?“ и откако во формата што му се отвора ќе ја внесе својата адреса за е-пошта, добива порака со нова лозинка.